РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1689/2
09-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1689/1 од 26.04.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1689/1 од 26.04.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 26.04.2021 година поднесена е пријава во која се изразува незадоволство од споредување на судска постапка, воедно се бара и да се изврши увид во судски предмет ---------- од Основен суд ---------, и оформен е предмет број 12-1689/1 од 26.04.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека се сомнева дека постои доказ за наод и мислење од др. --------- во постапка по негова тужба која била заведена под број ---------- од Основен суд ----------, која судот ја отфрлил како неоснована, а подоцна била потврдена од второстепениот суд. Пријавителот бара ДКСК да изврши увид во наведениот предмет како би се утврдило дека воопшто не постои вешт наод и мислење изготвено од др. ------------- затоа што доколку имало, судот требало да определи супервештачење.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во конкретниот случај нема елементи за надлежно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК нема надлежност да врши увид во судски предмети како и поради фактот што подносителот имал на располагање и други правни лекови кои можел да ги искористи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: К.Н-член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk